Д-р Марија ТАШЕВА

# ЕТНИЧКИОТ ИДЕНТИТЕТ И ЕТНИЧКИОТ СТАТУС: АМЕРИКАНСКИТЕ ИСКУСТВА*

Етничноста е феномен кој навлегува во доменот на истражувачките интересирања на повеќе научни дисциплини. Една од нив е социјалната психологија. Нејзините истражувачки резултати се од посебно значење за социологијата зашто претставуваат и дополнувања на нејзините сопствени истражувања и основа за поставување нови претпоставки.

Централниот интерес на социјалната психологија во проблемите на етничноста е фокусиран околу етничкиот идентитет. Според нејзините претставници со помошта на етничката идентификација најпотполно може да се објасни природата на етничката група, а преку неа понатаму, природата на останатите форми на општествено групирање.

Етничката идентификација претставува еден аспект на вкупната самосвест, односно на идентитетот на личноста. А идентитетот, како кохерентна организација на ставови за себе како припадник на општеството, има два основни извора: 1) општествените улоги кои го дефинираат местото на поединецот во општествениот систем (неговиот општествен статус) и 2) неговата индивидуална животна историја. Овие два извора влијаат врз оформувањето на двата аспекта на идентитетот - општествениот идентитет и концептот за себе. Првиот би можел да се дефинира како комплекс ставови на другите за дадената личност искажани во термините на општите општествени атрибути (возраст, занимање, етничност и тн.), додека другиот како комплекс ставови што индивидот ги има за себе. Формацијата на идентитетот вклучува идентификација на себе преку идентификација со одредена личност (на пример таткото), понатаму, идентификација со пошироките општествени групи и на крајот со општеството во глобала. Етничката идентификација, притоа, е вклучена во второто ниво на процесот.

Етничкиот идентитет претставува свест за себе како припадник на дадена етничка група. Тој вклучува знаење за своето потекло и својата моментална припадност на дадена заедница,

---

* Текстот е дел од научно-истражувачкиот проект *Социолошки аспекти на етничкото соживеење во РМ*, финансиран од Министерството за наука на РМ и ЦЕУ.

односно знаење за своите предци и за себе како личност која ги продолжува нивните искуства – која на нивните искуства ги надоврзува сопствените. Ова е придружено со чувство на одговорност кон предците и позитивна приврзаност кон оние со кои се споделува судбината. Меѓутоа, тој ја вклучува и свеста за малцинската позиција во општеството на сопствената етничка група и со тоа за сопствената малцинска позиција.

Етничкиот идентитет, всушност, ги вклучува улогите од интегративна природа кои не се менуваат лесно, кои се пренесуваат генерациски и кои го одредуваат минорниот статус на поединецот во глобалното општество. Оттаму и во плуралното општество луѓето се растргнати помеѓу идентитетот на членови на минорните групи и членови на поширокото општество.

Етничкиот и глобалниот општествен идентитет можат да бидат во координација, но и во расчекор. Човекот може да биде горд што и припаѓа на одредена етничка група и истовремено горд на местото што таа група го зазема во поширокото општество. Меѓутоа, доколку позицијата на неговата етничка група е инфериорна и со тоа неговата етничка припадност претставува хендикеп за остварување на сопствениот комплекс статусни очекувања, неговите чувства кон неа можат да бидат амбивалентни, па дури и потполно негативни. Можните варијации на ставовите кон својата етничка група Дашевски[1] ги покажува во табела, чија форма е позајмена од Мертоновата табела на моделите на адаптацијата на луѓето од општествата кои се наоѓаат во состојба на хронична аномија.[2]

Табела бр. 1

ТИПОВИ НА ДЕЛУВАЊЕ ВО ПЛУРАЛИСТИЧКОТО ОПШТЕСТВО[3]

| Одговори на индивидуата на дефиницијата на мнозинската улога | Одговори на индивидуата на дефиницијата на малцинската улога | Ситуација на улогите |
|---|---|---|
| + | + | Компатибилност на мултипната улога |
| – | + | Конфликт на улогите |
| + | – | Конфликт на улогите |
| – | – | Мултипен конфликт на улогите |

1 Dashefski A., (ed.), Ethnic Identity in Society, Rand Mcnally, Chicaqo, 1976
2 Merton, R., Social Theory and Social Structure, The Free Press, 1949.
3 Dashefski, A., цит. дело, стр. 41.

Во првиот случај тој има позитивни чувства како кон припадноста на малцинската група така и кон припадноста на глобалното општество. Во вториот, тој ја отфрла улогата на припадник на одредена етничка група, но истовремено се чувствува комотно во рамките на сопствената малцинска субгрупа. Во третиот, тој одбива да се дефинира себе си како припадник на малцинската група, дури може да се дистанцира од неа. Најпосле, тој може да ги отфрли како дефинициите на мнозинската, така и дефинициите на сопствената малцинска група во однос на своите основни општествени улоги.

Со својата табела на вариететот делувања на припадниците на малцинските групи во плуралистичките општества, Дашевски нагледно ја презентира комплексната природа на етничкиот идентитет. И токму оваа комплексност отвора можности за примена на различни методолошки постапки при неговото истражување. Од друга страна, таа овозможува во истражувањето да се влезе со посредство на различни теоретски пристапи. Во рамките на социјалната психологија, оттаму, можат да се сретнат повеќе методолошки и теоретски ориентации окупирани со неговото проучување. Овде ќе се осврнеме на некои од нив.

## *Теоретски рамки за проучување на етничкиот идентитет*

Комплексните општествени појави тешко можат да бидат посистематски проучени доколку во истражувањето се поаѓа од единствено теоретско стојалиште. Оттаму и различните правци во социјалната психологија окупирани со етничкиот идентитет можат да се посматраат како настојувања за проучување на големиот број негови аспекти. Овде ќе се задржиме накусо на три теоретски стојалишта кои имаат најголем број приврзеници: психоаналитичкото, конфигурационалистичкото и интеракционистичкото, кои, со својата нагласка на општествената рамка во која делува индивидуа или на самата индивидуа како истражувачка единица, како и со посебниот избор на методи, доведени во взаемна корелација, овозможуваат проблемите поврзани со етничкиот идентитет да можат посестрано да бидат согледани.

Психоаналитичката перспектива во проучувањето на етничкиот идентитет во основа е холистичка и неекспериментална. Таа етничноста ја согледува како несвесен процес кој го трансцедира физиолошкото функционирање на човековото тело и делува на персоналната структура. Конфигурационистичката има холистички е експериментален пристап – кај неа етничкиот идентитет е доведен

во врска со поширокиот контекст на групата и на животната средина. Интеракционистичката теорија е атомистичка и неекспериментална – во неа етничкиот идентитет се проучува во контекстот на истражувањето на посредувачките симболи на општествената интеракција, односно преку утврдувањето на нивното делување на индивидуата.

***Психоаналитичка теорија.*** Претставниците на оваа теорија основата на личниот и културен идентитет ја бараат во припадноста на даден народ – во судбината на народот и неговото минато. Според нив етничкиот идентитет претставува дел од „свеста за внатрешниот идентитет". Тој вклучува чувство на гордост за сопствениот народ, придружено со негативни ставови, набиени со емоционален набој, кон останатите, односно кон оние што се надвор од групата. И двата типа на чувства – позитивните и негативните – се засновани на единственото групно искуство, во некои негови елементи – кои, на ниво на групата долго време биле потиснувани и како такви биле заборавени, но кои, во еден момент повторно се ослободиле. Во нивната повторно оживеана форма, амбивалентниот емоционален набој којшто ги карактеризирал во изворниот облик, добива два објекта кон кои се насочува – другите и себе. Притоа, она што кај себе се мразело станува предрасуда која им се припишува на другите, додека за сопствената група остануваат позитивните чувства.

Меѓутоа, колективната свест претставува само база за изградбата на идентитетот на секој претставник на групата. Психолошкиот идентитет се оформува во текот на животот на единката, преку процесот на социјализацијата, кога таа, изложена на притисоците на средината (на сугестии, примери, споредби, казни), го учи моделот на пропишаното однесување, како и критериумите за неговата процена. Во својата изградена форма тој вклучува хиерархија на позитивни и негативни елементи, кои се зацврстуваат преку свеста за културниот примерок и неговата хиерархија на вредности. Во плуралистичкото општество, понатаму, претставникот на секоја група гради свест за критериумите за процена на сопствената група, но и за критериумите за процена на другите групи, посебно доминантната. Моделот на однесување на последнава може да стане идеал за единката од малцинската група, кој објективно е недостижен како поради притисоците на сопствената група за следење на нејзиниот модел, така и заради настојувањето на мнозинската група да постави бариери меѓу себе и останатите.

Во глобалното општество во кое постојат големи разлики меѓу групите, големи се и можностите за нагласка на негативните елементи на идентитетот кај претставниците на малцинските групи. Во ситуација кога тие се свесни за идеалите на доминантната култура, но се спречувани нив да ги следат, може да дојде до спојување меѓу негативниот аспект на идентитетот (кој е нормална компонента на секој поединечен идентитет) и негативните чувства што за нив ги носат припадниците на доминантната култура. Резултат на тоа е оформувањето на негативниот идентитет или „идентитетот на предаденоста", кој во себе вклучува чувства на инфериорност и самоомраза. Доколку тој добие масовни размери, а тоа е чест случај во плуралистичките општества, тогаш произведува забележителни ефекти како во рамките на малцинската група, така и во рамките на целото општество. Кај малцинската група овие ефекти најјасно можат да се согледаат во феноменот на одржувањето на нејзината инфериорна позиција, односно позицијата што веќе ја има. На ниво на општеството, пак, тие се огледаат, пред сé, во одржувањето меѓу групите на односи засновани на нееднаквост кои не поттикнуваат конфликт. Членовите од малцинската група ја прифаќаат својата инфериорна позиција без бунење, а своето незадоволство го искажуваат посредно – преку музиката, поезијата, религиозните активности. Добра илустрација за тоа се Црнците во Америка, кои, низ долг период закочувани во однос на пројавувањето на независни амбиции, токму преку механизмите на идентитетот на предаденоста, го одржуваат социјализаторскиот модел на подредена група. Тоа го прават и откако идеологијата на еднаквоста се здобива со репутација на водечка вредност.[4]

Во врска со негативниот идентитет на потчинетите групи некои претставници на овој правец ја сугерираат идејата дека тој е посебно потпомогнуван од страна на доминантните групи поради постоењето на некои посебни психолошки мотиви кај нив–тие може да имаат негативни чувства за себе кои ги прикриваат на тој начин што ги искажуваат како негативни чувства за другите групи. Во таков случај негативниот идентитет на инфериорните групи е проекција на несвесниот негативен идентитет на доминантните групи.

4 Овде би ги истакнале истражувањата на идентитетот на жените од црнечко потекло спроведени од страна на Ерик Ериксон, во: Erikson, E. H., "Youth: Fidelity and Diversity", во: Youth: Change and Chalenge, New York, 1963, стр. 1-23.

Оваа проекција на последните им помага да го сочуваат чувството на супериорност. Така, предрасудите кон Црнците во Америка, повеќе ги подржуваат белците со низок општествен статус отколку оние со повисок.[5]

***Конфигурационистичка теорија.*** Холистичко-експерименталниот приод на оваа теорија во проучувањето на етничкиот идентитет вклучува неколку основни ставови: а) дека индивидуалната перцепција на светот е заснована на стимулусите кои доаѓаат од средината; б) дека стимулите од средината ја вклучуваат физичката и општествената средина; в) дека проучувањето на човековото однесување вклучува истражување на силите коишто делуваат во дадениот момент; г) дека индивидуалното однесување и интерпретацијата која се однесува на него се зависни од перцепцијата на нечија општествена улога и општествениот контекст; д) дека групната динамика ќе продолжи да се остварува и ако дојде до замена на индивидуалните членови; ѓ) дека групната динамика е непредвидлива ако се појде од знаењето за карактеристиките на индивидуалните членови.[6] Според претставниците на овој правец однесувањето на индивидуата е зависно од нејзината перцепција на општествениот контекст - индивидуата се однесува во согласност со барањата на групата. Оттаму и при нивното истражување на етничката идентификација интересот е насочен кон проучувањето на ин-групната лојалност и аут-групното непријателство.

Конфигурационистите наоѓаат дека социологијата може да прави значајни предвидувања во однос на однесувањето на единките доколку ги открие универзалните закони на човековиот општествен живот. А еден од нив е законот на групниот опстанок - во секое општество на земјата детето е согледувано како член на групата на неговите родители. Тоа припаѓа на истата раса, лоза, семејна традиција, религија, каста, професионална група. Во модерните општества, откако ќе порасне, тоа може да напушти некои од овие членства, но не сите. Обично детето ги носи со себе лојалностите и предрасудите на сопствените родители. Истовремено, доколку родителите се предмет на предрасуди, тоа автоматски станува нивна жртва.[7]

Еден од значајните претставници на овој правец - Гордон Олпорт, во врска со претпоставката за тесната поврзаност меѓу индивидуалниот и групниот идентитет, ја истражува ин-групата,

---

5 Erikson, E.H.,"The concept of Identity in Race Relations: Notes and Quercs", во: Dashevski, A., (ed.), цит. дело, стр. 59-71.

6 Dashevski, A., (ed.), цит. дело, стр. 72-73.

7 Allport, W. "Formations of In-Groups" во Dashevski (ed.) цит. дел. стр. 73-73.

односно групата која има воспоставено интимна комуникација меѓу нејзините членови кои својата припадност ја искажуваат со „ние", употребувајќи го овој термин истозначно. Тој разграничува голем број ин – групи (наведувајќи листа од дваесет и една група во кои членува просечен средновечен човек), кои во текот на животот имаат поголемо или помало значење за човекот. Во некои од нив тој се вклучува свесно и намерно, додека во други неговото членство е автоматско – преку раѓањето и семејната традиција. Притоа, првите го рефлектираат постигнатиот, додека другите пропишаниот статус.

Секој човек има сопствена концепција за значајноста на ин–групите за него, но таа не е независна од општиот дух на времето. Така, во последните два века се забележува големо поместување на значајноста од едни кон други групи. Во минатиот век дошла до израз значајноста на националното и расното членство, со истовремено опаѓање на семејното и религиозното. Во текот на овој век се зголемува бројот на самите ин–групи и разнородието на изборот на преференцијата од страна на луѓето. Од друга страна, се јавуваат персонални разлики во дефинирањето на групите од страна на нивните членови, условени од разликите во комплексите улоги, односно од листата на улоги коишто ја сочинуваат мрежата на припадноста на секого. Овие разлики доведуваат до тоа да стане можно различието во согледувањето на групите од страна на нивните припадници. Така, Олпорт го дава примерот на националната ин–група, согледана од страна на двајца Американци. Според првиот од нив во неа влегуваат белите домородци и протестантите, додека според другиот неа ја сочинуваат белите домородци, протестантите, Црнците, католиците, Евреите, имигрантите итн. Истовремено, самата припадност на групата не е неопходно да биде придружена со ист степен на задоволство од членувањето во неа. Во некои ин–групи членовите се вклучени независно од нивната волја, преку критериумите на прописот, и во таквите случаи тие може да покажуваат тенденција за излегување од нив. Во врска со ова, во рамките на оваа школа, концептот на ин–групата се дополнува со оној на референтната група. А, референтни се групите во кои индивидуите самите влегуваат како нивни членови или кон чие членство интимно аспирираат, односно референтни групи се ин–групите коишто топло се прифатени или пак кон кои индивидуата настојува да се приклучи.[8]

---

8 Sherif M. and C., Groups in Harmony and Tension, New York, Harper, 1953.

Ин–групата претставува референтна група тогаш кога е во согласност со преференциите на нејзините членови. Притоа, во случајот на етничката група, во процесот на нејзиното опстанување во мултикултурната средина, забележлива е промена на односот кон неа кај членовите од различни генерации, која се одвива во насока на зголемување на преференцијата на групата на доминантното мнозинство. Доминантната група со време станува референтна група кон која аспирираат малцинствата, иако овој конформизам не оди до степен на отфрлање на сопствената етничка група. Затоа и во оформувањето на ставовите на припадниците на етничките малцинства одредена улога играат и сопствената етничка група и референтната мнозинска група.

Кога се во прашање етничките групи, меѓу ставовите на нивните припадници посебно место им припаѓа на предрасудите. Нивната формација конфигурационистите ја поврзуваат со членството во групите и усвојувањето на ниовните норми. Овде тие укажуваат на посебната улога на семејството во изградбата на предрасудите, но и на другите групи во кои е вклучено детето во периодот на раното детство. Групите во кои тоа подоцна се вклучува се третираат како групи кои можат само да ги ублажат неговите ставови.

Конфигурационистите прифаќаат дека во текот на времето може да се случи промена во ставовите на единката, но неа ја условуваат со промената на ставовите на основните групи. Нивните истражувања во врска со ова ја сублимираат тезата дека е полесно да се изменат ставовите на цели групи отколку индивидуалните ставови. Менувањето на ставовите претпоставува креација на нови норми на ниво на групата, со кои подоцна индивидуата се конформира.

Во врска со прашањето што овде само по себе се наметнува – имено, што се случува кога ставовите на групите во кои индвидуата членува се неподударни – оваа теорија одговара со претпоставката за „рангот на толерантното однесување", односно дека во секој систем на групни норми се бара само одреден степен на конформизам. Тоа овозможува одредено, иако не многу големо, варирање во ставовите на индивидуите. Така, се случува, конформизмот на членовите да не биде еднаков – некои се нагласени конформисти, други само пасивни конформисти, трети неконформисти.

Теоријата која во центарот на своето внимание ги става ин–групите нужно го претпоставува постоењето на аут–групите. Нивното одржување овде се врзува за природата на човековиот

свет, пред сé за натпреварот како негов елемент. Се смета дека човековото живеење нужно вклучува натпревар, а во текот на неговото константно траење другите се идентификуваат како непријатели. Оваа идентификација, понатаму, остварува свои последици врз состојбата на ин групите. Свеста за заедничките непријатели ја јакне ин-групата. Меѓутоа, ова, на општ план, има ефективни последици само доколку свеста за постоењето на другите ја вклучува желбата за безбедност, а не и непријателството по себе. Самото преживување го наметнува почитувањето на сопствената група и давањето предност на нејзините членови во однос на останатите, но тоа не мора да вклучува непријателство кон вторите.

Конфигурационистите си го поставуваат прашањето дали човекот кој им е лојален на своите ин-групи може да изгради толерантен став кон глобалното општество, но и пошироко – кон светската заедница – и одговараат позитивно на него. Тие говорат за глобална толеранција која е овозможена преку инклузивната природа на ин-групите. Најголемиот број ин-групи во кои членува индивидуата, имено, заемно не се исклучуваат – тие се надоврзуваат една на друга, правејќи круг на концентрични лојалности, кој се шири кон надвор. Лојалноста кон членовите од другите групи јакне преку постоењето на точки на заеднички вклучувања со нив во други ин-групи со пошироко основа. Така, еден му припаѓа на своето семејство и семејствата околу себе ги чувствува како аут-групи, но заедно со нив тој е вклучен во единствена соседска група која е изделена од другите соседски групи, но која истовремено заедно со нив е вклучена во градската заедница. Следните групи кои се надворешни во еден аспект а внатрешни во друг се државата, нацијата, расата, човештвото.

Лојалностите на човекот кон пошироките групи можат да се шират концентрично, при што, во одредени периоди можно е позначајни да бидат внатрешните, додека во други периоди, надворешните лојалности. Концентричните лојалности во доменот на етничките групи овозможуваат членовите на една етничка група напоредно со поседувањето свест за својата етничка припадност да изградат релативно хармоничен однос со другите етнички групи. Всушност, тоа се односи во кои отсуствуваат исклучиви предрасуди кон другите.

***Интеракционистичка теорија.*** Во рамките на интеракционистичката теорија етничкиот идентитет се објаснува преку проучувањето на општествената интеракција. Овде човечката

единка се сфаќа како производ на заемната комуникација која се остварува со посредство на симболи.

Основни поставки на интеракционистите се дека луѓето живеат во симболичен свет во кој симболите играат улога на симулатори како на сопствената акција, така и на акцијата на другите. Преку симболичката комуникација тие ги градат очекувањата од своето однесување. Поврзаноста на симболите во кластери, пак, овозможува усогласеност во вкупното однесување на единките. Тие, во светот на симболичната комуникација, ја изградуваат својата индивидуална природа и истовремено, преку истата комуникација, својата општествена природа и општеството како нејзин синтетичен израз.

Она што предизвикува посебен интерес кај интеракционистите се симболите преку кои групите се разграничуваат меѓу себе, посебно оние кои се пројавуваат како ефективни во реалната комуникација, но кои покажуваат извесно отстапување од категоријалниот апарат што го употребува науката. Еден од нив е терминот раса. Тој во јазикот на секојдневната комуникација има друго значење од она што му го припишува науката. Во барањето решение за оваа двојственост, притоа, посебно внимание му посветуваат на терминот етничност, чие воведување во социологијата го поврзуваат токму со оваа двојственост. За нив етничката група во социологијата е воведена како термин кој се однесува на оние заемни разграничувања меѓу луѓето кои отстапуваат од категоризациите што ги прави науката. Таа се однесува на луѓето кои себе се доживуваат како битија од ист тип, кои се обединети преку врски од емотивна природа и кои се окупирани со заштита на својот тип. Тие обично имаат ист или близок јазик и заедничко културно наследство. Поради единственоста на односите обично имаат слични физички карактеристики, а тие ја поттикнуваат верата во заедничкото потекло. Оваа вера најчесто е одржувана преку митови или фиктивна историја. Таквата блискост може, но не мора, да води кон конституирање на нација, како и кон политичко обединување во единствената држава.

## 3. Класата и етничката улога: американската реалност

Америка со големата имиграција на население од сите делови на светот претставува огромна лабораторија за проучување на феноменот на етничноста. Оттаму и најголемиот број истражувања се однесуваат на феномените што се случуваат во неа. Голем број

од овие истражувања, притоа, се однесуваат на она што е посебно битно за социолошката наука – утврдувањето на релацијата општествена класа – етничка група.

Една од значајните идеологии во американското општество него го претставува како мелтинг пот општество, односно како општество во кое институцијата на еднаквоста на граѓанството – нејзината полна ефектуираност – доведува до топење на разликите меѓу староседелците и новодојденците, вкалапувајќи ги сите во единствениот модел на **Американец.** Идејата на еднаквоста, на полната отвореност која овозможува сите да имаат еднакви можности за подобрување на својата општествена положба, воопшто, е една од базичните идеи на кои е темелено чувството на американската национална гордост. Затоа и делува еретично извикот на социологот Де Вос, предизвикан од неговото соочување со конкретните податоци за реалните можности за вертикална подвижност. „Ние сме засновани на премисата на еднаквоста пред Бога и законот", ќе извикне тој, – „еднаквоста на граѓанството и на можностите. Стварно, имаме историја на етнички раздор и конфликт поврзан со релативно прифаќање или апсолутно отфрлање".[9]

Самото постоење на етнички групи, нивното препознавање како такви од страна на нивните претставници и оние што се надвор од нив, веќе оди во прилог на ставот на Де Вос за постоењето кочници на патот кон повисок статус, како и за улогата на етничката група како една од тие кочници. Зашто, тие можат заемно да се разграничат само затоа што постои дистанца меѓу нив и затоа што делуваат механизми кои ја одржуваат оваа дистанца. Дистанцата ја поставуваат етничките групи со повисок општествен статус, но откако ќе се создаде, таа понатаму е одржувана на глобално ниво преку дејностите на секоја група, веќе втемелена во американскиот простор, во однос на групите коишто доаѓаат после неа.

Она што во своите видувања на Америка Европејците го препознаваат како американски национализам, според Де Вос во голема мера претставува конформизам и лојалност кои ги практикуваат претставниците на пониската средна класа кои се имигранти во втора генерација. Поминувајќи преку редица тешкотии да се легитимизираат како Американци, и, успевајќи да се изборат за статус на средна класа, тие стануваат бастиони кои штитат од навлегувањето на другите групи во оваа толку тешко постигната

---

9 De Vos, G., "Passing of Passing: Ethnic Pluralism and the New Ideal in the American Society, во: Di Renzo G., (ed.), We the People: American Caracter and Social Change, Greenwood Press, Westport, 1977, стр. 223.

позиција. Тие се исклучиви кон сите групи кои можат да им го загрозат општествениот статус, посебно кон оние чии етнички или расни специфичности се забележливи (на пример Евреи, Црнци и сл.).[10]

Своите забележувања за етничките групи Де Вос ги прави во рамките на истражувањето на промените во групните лојалности во текот на времето. Тој оформува три типа групни лојалности: лојалности ориентирани кон сегашноста, кон иднината и кон минатото. Ориентацијата кон сегашнните лојалности ја поврзува со општествата во кои повеќе не е битно потеклото, односно каде што е можно да се добие граѓански статус независно од тоа од која земја се потекнува; лојалностите ориентирани кон иднината ги анализира кај религиозните движења и револуционерните идеологии, кај кои и идентитетот и лојалноста се насочени кон тип на организација визиониран во идни термини; лојалностите кон минатото, пак, се етнички по природа – тие се свртени кон традицијата, предците, одржувањето на родителството.

Анализирајќи ги лојалностите во Соединетите Држави од временска перспектива, Де Вос ќе забележи дека кај нив дошло до поместување од лојалностите свртени кон сегашноста кон оние свртени кон минатото. Навистина, тоа не е случај кај сите групи. Кај групите со протестантска основа, односно кај групите кај кои се остварил процес на взаемно поврзување, па дури и амалгамизација во единствен протестантски блок, бил забележлив стремежот за заборавање на сопствената етничка позадина. Меѓутоа, кај другите партиципацијата се остварувала преку етничката група. Редица групи на американскиот простор, како што се Италијанците, Ирците, Евреите, но и дојденците од источноевропските земји, низ долг временски период ги одржувале своите етнички граници. За нивните припадници при вработувањето, посебно кога се работи за служба во политичките институции, етничката припадност се покажувала како позначајна варијабла отколку религиозната, па дури и класната.Неговиот заклучок од сето ова е дека „етничноста во американскиот живот претставува сила која рангира барем исто толку строго колку и социо-економската класа како детерминанта на индивидуалното или колективното однесување".[11] Овде класата и етничноста се неразделно поврзани – класната нееднаквост придонесува за одржување на етничките граници и етничката

10 Исто, стр. 236.

11 Исто.

хиерархија, иако не е единствената основа за тоа. На неа се надоврзуваат редица фактори од психолошката природа, еден од кои е и самата етничка свест која еднаш се оформила.

***Формација на етничките групи во Соединетите Држави.*** Првите доселеници во Америка биле протестанти од англо–саксонско потекло. Ним подоцна им се придружиле протестанти од Скандинавските земји и други делови од Западна Европа. Сите тие во почетокот взаемно се разграничувале, за подоцна да се спојат во единствен *протестантски блок.* Тие денес претставуваат доминантна група во Америка. Имаат доминантна позиција дури и во оние нејзини делови каде што не се мнозинство.

Она што се нагласува како посебна одлика на протестантската група е нејзината не–етничка поставеност.[12] Таа не се доживува себе си како посебна група, туку како прави Американци. Статусот етнички групи го имаат оние што се доселиле подоцна, пред сѐ дојденците од Ирска, Јужна и Источна Европа, Мексиканците, Порториканците, како и Црнците. Од сите нив најдолга историја на етички групи имаат Евреите, Италијанците и Црнците.[13]

Една од карактеристиките во однесувањето на новодојденците коишто оформиле етнички групи била нивната просторна концентрација. Тие се населувале во одредени локалитети во кои формирале заедници со нагласено солидарен однос. Оваа солидарност се остварувала на повеќе начини – еден од нив била формацијата на добротворни асоцијации, во кои се поврзувале на основа на потеклото, со цел да го олеснат своето вклучување во новото општество. Повеќето од тие асоцијации, посебно кај помалите групи, во почетокот имале неформална природа, за постепено да прераснат во покомплексни организации со многубројни задачи. Така, ширум Америка, со доселувањето на Европејците, никнувале болници, домови за стари лица, доброволни организации, фондови за позајмување, цркви и културни организации. Нивната улога била да им помагаат на претставниците на сопствената група и затоа оваа улога слабеела со јакнењето на положбата на нивните членови во глобалното општество. Но, со тоа самите организации не исчезнувале – оттаму и забележувањето на еден социолог дека „организациониот живот на Њујорк денес во голема мера живее во етнички граници. Неговите организации главно имаат религиозни имиња зашто е поприфатливо доброволните и здравствените

12 Исто.

13 Hannherz, U. "Ethnicity and Opportunity in Urban America" во Cohen, A. (ed.) *Urban Ethnicity,* Tavistock Publ. London, 1974, стр. 37–77.

институции да им припаѓаат на религиозните отколку на етничките заедници. Но," ... тие главно се поблиску поврзани со посебните етнички групи."[14] Нивното опстанување е поврзано со продолжителната улога да ги направат оптимално употребливи за задоволување на актуелните потреби оние ресурси кои биле под контрола на членовите од групата.

Етничката солидарност во американските услови се покажала како значаен фактор за остварување на колективните цели на членовите на етничките групи. Меѓутоа, посматрана од поопшта и подолговремена перспектива, таа манифестира двојствена улога: во краток временски период таа е значајна за постигнување на цели кои ја претпоставуваат малцинската солидарност, но, во подолг временски период, таа има негативни ефекти врз остварувањето на подобра позиција на групата во целина. Последново е поврзано со нејзината отпорност како кон акултурацијата, така и кон структурната асимилација.[15]

***Спрегата меѓу класниот статус и етничката припадност.*** Истражувањата на етничките групи во Америка, но и во други делови од светот, покажуваат дека врската меѓу етничкото и класното е толку тесна што во многу случаи етничките групи можат да се разгледуваат како интересни групи. Така, посматрајќи ги етничките групи во Њујорк, Глејзер и Мојнихан ќе констатираат дека таму, кога се говори за Црнци и Порториканци се мисли на неорганизирани и неквалификувани работници со слабо платени работи во пералниците, хотелите, ресторантите и малите фабрики; кога се споменуваат Евреите се мисли на мали дуќанџии, професионалци и подобро платени квалификувани работници во фабриките итн.[16]

Навистина, редица елементи придонесуваат за тоа етничката група да не може секогаш да биде согледана како интересна група. Но, тоа не ја исклучува нејзината поврзаност со класата. Врската меѓу етничкото и класното во американскиот простор може да биде согледана во целиот тек на доселувањето.

Доселениците во Америка од крајот на деветнаесеттиот и почетокот на овој век главно биле неквалификувани работници што и биле потребни на брзорастечката индустрија. Секоја група што доаѓала последна заземала најнизок статус во социо-економската структура. И, истовремено, секоја што била последна, ги подбут-

14 Glazer N., Moynihan D., Beyond the Melting Pot, Cambridge, Mass., MIT Press, 1963, стр. 18–19.

15 Dashevski, цит. дело, str. 17–18.

16 Glazer N., Moynihan, цит. дело.

нувала нагоре во процесот на мобилноста оние што дошле пред неа. Затоа и американската работничка класа, како што ќе констатира Бергер, не изградила свој посебен „работнички стил". Овде животот на работниците бил доминиран од етнички мотиви.[17]

Од последните децении на минатиот век па наваму работниците кои веќе подолго време биле населени во Америка започнале да покажуваат сомнение кон новите имигранти. Една од причините за тоа била паѓањето на цената на работната сила со порастот на бројот на работниците. Друга причина била потребата да се направи дистанца меѓу себе и оние што се наоѓаат пониско на општествената скала. Овде, во хиерархиската структура,се испреплетувале елементите на класното и етничкото. Оттаму и јачината на етничката врзаност во малцинските групи–тие станале средство преку кое луѓето со најниска општествена позиција здружено настојувале неа да ја променат.

Во настојувањата да остварат подобра позиција за себе, некои етнички групи – оние што порано се населиле на Континентот – успеале да се изборат за воспоставување контрола над некои ниши. Така на пример, Скандинавците главно биле морнари, Евреите од Источна Европа работници во текстилната индустрија, Фламанците куќни надзорници.[18] Во ситуација кога биле исклучени од пристапот кон повисоките и поценети позиции, тие успеале да се изборат за оние пониските во кои постигнале доминација. И, нив ги штителе од новите имигранти. Со тоа си граделе привремена безбедност, задоволувајќи се за извесен временски период со дејности од понизок ранг, додека не се опремат со моќ за притисок кон поценетите позиции, обично контролирани од белите протестанти. Притоа, еден од начините за успешен пробој нагоре, бил да освојат нови ниши. Така, Евреите успеале да се наметнат во филмската индустрија, Италијанците во трговијата и сл.[19]

Едно од полињата за дејност, оставено отворено за имигрантите од новите етнички малцинства, бил организираниот криминал. Оваа сфера, како основа за општествен подем, први ја искористиле Италијанците. Тие постигнале доминација во организираниот криминал уште во 20–те години, за постепено да остварат контрола над недозволените игри, проституцијата, пазарот на наркотици, како и учество во многу легални активности финансирани од нелегалните.

---

17 Berger B., Working Class Suburb, Berkley and Los Angeles, University of California Press, 1960, стр. 95.

18 Pelling H., "American Labour - 1960", во: Cohen A. (ed.), цит. дело, стр. 48

19 Glazer N., Monihan D., цит дело., стр. 2.

Организираниот криминал на Италијанците бил предмет на опсежна полемика меѓу социолозите. Некои од нив го доведувале во врска со нивната матична култура, во која мафијата бележела долга традиција. Меѓутоа, на крајот, повеќето од нив покажале готовност да го објаснат пред сѐ како американски феномен, како резултат на трагањето по канали за општествен престиж и откривањето на предностите што ги има етничката група во оваа сфера – нејзината висока кохезивност, можностите за конституирање на потребната мрежа на врски, за регрутирање на нови членови, како и обезбедувањето на нужната заштита. Италијанскиот криминал во Америка ја користел етничноста за обезбедување солидарност, регрутација и заштита.[20]

Сепак, солидарноста, која била карактеристична за криминалните организации со етничка основа, не успеала да ја постигне истата јачина и во другите активности, организирани на иста основа. Во сферата на легалните дејности во кои биле освоени одредени ниши, односно во претпријатијата водени од претставници на дадени етнички групи, етничноста била значајна до степенот на давање предност при вработувањето. Овие организации, меѓутоа, секогаш биле отворени и за претставниците на други групи.

Во студиите на етничноста се укажува на уште едно поле во кое етничката солидарност послужила како основа за остварување на индивидуален интерес. Тоа е посредиштвото, кое прераснало во професија што ја практикуваат поединци од секоја етничка група. Нивната улога била да го остварат поврзувањето меѓу претставниците на својата етничка група и поширокото општество, меѓутоа, тие добиле своја улога и во политичката сфера. Имено, посредниците станале значаен елемент во гласачката машинерија. Преку нив мнозинската група, која го имала освоено пристапот кон елитните позиции во најзначајните општествени сфери, делувала на мислењето на групите на етничките малцинства.[21]

***Товарот на етничноста.*** Етничката група со своите солидарности им служи како заштита и поткрепа на своите членови во обезбедувањето на егзистенцијата и расчистувањето на патот кон постабилни и повисоки општествени позиции. Меѓутоа, статусот

---

20 Меѓу американските социолози италијанскиот криминал посистематски го истражува Вајт, презентирајќи ги резултатите во познатата студија "Општество од аголот на улицата", White, W. F., Street Corner Society: The Social Structure of Italian Slum, Chicago, University of Chicago Press, 1943.

21 Hanerz U., цит. дело, стр. 56–60.

на припадник на етничко малцинство претставува хендикеп за неговите носители во случаите кога тие имаат лични амбиции кои излегуваат од рамките на нивната етничка група, посебно ако тие се насочени кон сферите во кои доминира мнозинската група.

Лицата со специфични лични интереси, припадници на малцински групи, имајќи ги предвид ограничувачките аспекти на етничноста, обично се обидуваат да не ја вовлечат сопствената етничка група во настојувањата да го остварат својот интерес. Меѓутоа, тие обично се соочуваат со реалноста дека тоа е само делумно остварливо. Зашто, тие можат да го контролираат своето однесување, но однесувањето на другите кон нив е нешто што е надвор од можностите на нивната контрола. Тие, имено, се соочуваат со ситуацијата на постоење редица механизми преку кои секоја етничка група се дистанцира од останатите, односно со фактот дека секоја група со повисока позиција преку листа препознатливи симболи настојува да ги разграничи другите и понатаму, да го попречи нивниот пристап кон себе.

Доминантната група која го има монополизирано пристапот кон највисоките позиции, се чини, нема единствен став кон лицата од малцинските групи кои настојуваат да го променат својот општествен статус. Во него Болцел ќе открие амбивалентност – која ја објаснува со расчекорот меѓу нејзиниот колективен интерес и универзалистички културен примерок. Така, едни, подржувајќи ги универзалните стандарди за постигнување, кои не прават разлики меѓу луѓето, прифаќаат дека на елитата можат да и пристапат сите независно од својата групна позадина. Други, пак, даваат подршка на регрутацијата која е во согласност со пропишаните идентитети. А, меѓу нив, етничкиот зазема значајно место.[22] Таквата амбивалентност според Болцел е посебно карактеристична за претставниците на високиот слој на доминантната група. Меѓутоа, Гордон ќе ја препознае и кај нејзините претставници од пониските слоеви.[23] Дури, кај последниве, тој ќе открие негативни емоции преку кои се постигнува затворање од типот на кастинското.

Негативните чувства кај претставниците на повисоките слоеви од доминантната група обично се објаснуваат како манифестации на недовербата поттикната како од однесувањето на малцинствата кое е засновано на културен примерок кој им е туѓ

22 Baltzel E. D. "The Development of a Jewish Upper Class in Philadelphia: 1938-1940", во: Cohen (ed.), цит. дело, стр. 60.

23 Gordon M., Assimilation in American Life: The Role of Rase, Religion and National Origins, Oxford University Press, 1964.

и далечен, така и од соочувањето со бедата и лошите животни услови. Во нивните стереотипи за пониските слоеви обично бедата и етничкото се тесно поврзани. Така, редица од особините што им се припишуваат на етничките малцинства, не се условени од специфичностите на нивната култура, туку од бедните услови во чии рамки ја осмислуваат својата егзистенција. Стереотипите, притоа, опстануваат како етнички. Со тоа, со препознавањето на етничката припадност на индивидуата, нејзе и се припишуваат карактеристики кои по својата основа се класни.[24] Оваа ситуација која ја отежнува вертикалната подвижност, сепак, според Гордон, нема ист интензитет кај сите етнички групи.

Кога можностите за постигнување повисоки позиции на претставниците на одредена етничка група се директно зависни од тоа колкав е степенот на нивното прифаќање од страна на доминантната група, тие најчесто се обидуваат да го прикријат својот етнички идентитет преку избегнувањето на дружењето во рамките на сопствената група. Но, во најголемиот број случаи тоа во потполност не можат да го спроведат. Сепак, обидувајќи се да го следат моделот на однесување на доминантната група, тие придонесуваат за забрзување на процесите на прилагодувањето на сопствената група кон мнозинскиот културен модел. Покрај тоа, преку практикувањето на однесување ценето во дадената средина тие постепено го менуваат ставот на мнозинството кон нивната етничка група. Примери за тоа даваат Ворнер и Сроул во Јенки Сити.[25]

---

24 Nadel S. F., The Theory of Social Structure, Glencoe Hill, Free Press, !957, во: Cohen (ed.), Urban Ethnicity, цит. дело, стр. 62.

25 Warner W.L. and Srole J., *The social Systems of Aerican Ethnic Groups, 1945.*

**Dr. Marija Taseva**

## Ethnic identity and Ethnic Status: American Experiences

*Summary*

*The ethnic identity as an aspect of the general selfcoinsciousness, or more precisely, as a counciousness for himself as a member of a particulary ethnic group, is presented through the experience of three orientations in american social psyhology: the theory of psyhoanalysis, configurational and interactional. In additoin are taken into consideration the investigations of american sociologist about reletionship between social class and ethnic group, as the problems which source is the ethnic plurality.*